# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**29.10.2018 год.** **Бр.XV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 24 а. од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на Р.М.” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16 и 64/18), и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 14/16), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево**

1. Од ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево, СЕ РАЗРЕШУВА НАУМ ИЛИЕСКИ од Крушево, ул.”Партизанска” бр.41б, дипломиран Економист, на негово барање.
2. Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 5 (дена) од донесувањето на решението за разрешување, ќе именува ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево, но не подолго од 6 (шест) месеци.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.
4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Наум Илиески беше именуван за ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево со Решение бр.09-671/1 од 08.06.2018 година.

Именуваниот до Градоначалникот на Општина Крушево, достави барање за негово разрешување од ВД директор, бр.03-191/1 од 15.10.2018 година.

Согласно член 24а. став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр. 09-1104/1 од 15.10.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 24 а. став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на Р.М.” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16 и 64/18), и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 14/16), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево**

1. За ВД директор на ЈП „Комуна” Крушево, СЕ ИМЕНУВА СТАНКА ЕФРЕМОВА ТРАЈКОСКА од Крушево, ул.”Мише Ефтим” бр.51А., дипломиран Правник.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор по распишан конкурс, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Крушево со решение бр.09-1104/1 од 15.10.2018 година, го разреши ВД директорот на ЈП „Комуна” Крушево, Наум Илиески на негово барање.

Согласно член 24а. став 3 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Крушево именува ВД директор на ЈП”Комуна” Крушево со мандат не подолго од 6 (шест) месеци.

Согласно горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
**Бр. 09-1105/1 од 15.10.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 21-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 26.10.2018 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 21-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.10.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр. 09-1134/1 од 29.10.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 21-та седница, одржана на 26.10.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 20-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.09.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).
**Бр.08-1102/3 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17 и 21/18), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната- Програма за работата на***
***ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2018-2019 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната-Програма за згрижување и воспитно-образовна работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2018-2019 година, бр.01-142/1 од 28.09.2018 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-1102/4 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 41 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
***за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2018-2019 г. на***
***ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево***

1. СЕ ДАВА Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2018-2019 година на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Крушево, согласно нивното барање бр.04-179/1 од 26.07.2018 година и позитивното мислење од Министерството за образование и наука на Р.Македонија бр.12-9274/2 од 01.10.2018 година.

2. Согласноста влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1102/5 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ", бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18), член 22, став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 26.10.2018 година го донесе следното:

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

1. Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр.08-61/26 од 17.01.2018 година, Дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр. 08-128/8 од 31.01.2018 година, Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр. 08-558/10 од 14.05.2018 година, се дополнува во точка 2 со став 2.7, во точка 5 со став 5.18, 5.19, 5.20, 5.21, 5.22, 5.23 и 5.24, во точка 6 со став 6.3 и 6.4 и со нова точка 8 став 8.1 и гласи:

### 2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**2.7. Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 Блок 9.1, Општина Крушево.** Површина на плански опфат 13,27 ха.

Границите на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на овој Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 Блок 9.1 се прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




### 5. ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКУТРА

**5.18. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Борино, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструкутра.



**5.19. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Саждево, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструкутра.



**5.20. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Врбоец, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструкутра.



**5.21. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Св. Митрани, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструкутра.



**5.22. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Алданци, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма и истиот може да претрпи измени во зависност од теренските потреби за ваков тип на инфраструкутра.



**5.23. Проект за инфраструктура за реконструкција и доградба на Општински пат од Р 1306 - н.м. Врбоец – н.м. Св Митрани, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма.



**5.24. Проект за инфраструктура за изградба и уредување на патна инфраструктура со пропратни содржини во локалитетот Крушевско Езеро, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ кој е составен дел на оваа програма.



## 6. АРХИТЕКТОНСКО - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

**6.3. Архитектонско урбанистички проект за утврдување на површини за градење на ГП 1 од ЛУПД за уредување на просторот со намена - Д3 спорт и рекреација - полетувалиште за параглајдеристи и придружни содржини на дел од КП 2880, КО Крушево вон град, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на архитектонско урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**6.4. Архитектонско урбанистички проект за спојување на градежни парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 формирани во УПВНМ за индустриска зона Опаленик, КО Алданци, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на архитектонско урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



## 8. РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАНОВИ

**8.1. Регулациски план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 Блок 9.1, 9.3 и 9.4 и ГРАДСКА ЧЕТВРТ 11 Блок 11.3 и 11.4**



2. Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр.08-61/26 од 17.01.2018 година, Дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр. 08-128/8 од 31.01.2018 година и Измената и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр. 08-558/10 од 14.05.2018 година.

**Бр.08-1102/6 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1071/1 од 09.10.2018 година од Иницијативен одбор на Црква во изградба Св.Василиј од Трстеник, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 6.000,00 (шест илјади)** денари по барање бр.08-1071/1 од 09.10.2018 година од Иницијативен одбор на Црква во изградба Св.Василиј од Трстеник;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200002542742375, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1102/7 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1099/1 од 12.10.2018 година од Благоја Јанкуловски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.08-1099/1 од 12.10.2018 година од Благоја Јанкуловски од Крушево ул."Нико Доага" бр.89, со ЕМБГ 1901950443007;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200000643352783, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1102/8 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1100/1 од 12.10.2018 година од Јончевска Спасија од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 4.000,00 (четири илјади)** денари по барање бр.08-1100/1 од 12.10.2018 година од Спасија Јончевска од Крушево ул."Никола Карев" бр.51, со ЕМБГ 0204959448013;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001353274734, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1102/9 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1074/1 од 09.10.2018 година од Бранко Рујаноски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.08-1074/1 од 09.10.2018 година од Бранко Рујаноски од Крушево ул.”Никола Ѓурковиќ” бр.8, со ЕМБГ 1703956443002;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200003369251924, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1102/10 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1072/1 од 09.10.2018 година од Нада Најдовска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.10.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 6.000,00 (шест илјади)** денари по барање бр.08-1072/1 од 09.10.2018 година од Нада Најдовска од Крушево ул.”Никола Ѓурковиќ” бр.8, со ЕМБГ 0103966445053;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001928966630, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1102/11 од 26.10.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Решение за разрешување на ВД директор на ЈП „Комуна“ Крушево ........................................ 1
2. Решение за именување на ВД директор на ЈП „Комуна“ Крушево ............................................. 1
3.Заклучок за објавување на актите донесени на 21-та седница на Советот на Општина Крушев..2
4. Заклучок за усвојување на записникот од 20-та седница на Советот на Општина Крушево ....................................................................... 2
5. Заклучок за прифаќање на Годишната програма за работата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за учебната 2018-2019 година ……… 2
6. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2018-2019 година на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево ……………………………..2
7. Дополнување на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година …………………………………………………… 3
8. Решение за исплата на финансиски средства по барање од иницијативен одбор на Црква во изградба Св.Василиј од Трстеник …………… 6
9. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Благоја Јанкуловски од Крушево ул.”Нико Доага” бр.89 ………………………… 6
10. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Спасија Јончевска од Крушево ул.”Никола Карев” бр.51 ……………………… 6
11. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Бранко Рујаноски од Крушево, ул.”Никола Ѓурковиќ” бр.8 …………………... 7
12. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Нада Најдоска од Крушево ул.”Никола Ѓурковиќ” бр. 8 ……………………7

Редакциски одбор на Општина Крушево.